1830
Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51
2

# СЛУЖБ[Е]

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕР...

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 20 април 1973
БЕЛГРАД
БРОЈ 23 ГОД. XXIX

Цена на овај број е 1 динар. — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732, Комерцијален сектор 651-671; телекс 11756

**335.**

Врз основа на член 31 став 1, во врска со член 28 точка 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ ЗА ШЕЌЕР, СУВИ РЕЖАНКИ ОД ШЕЌЕРНА РЕПА И МЕЛАСА

1. Производителските организации на здружениот труд можат да ги формираат своите продажни цени на шеќерот, на сувите режанки од шеќерна репа и на меласата до следните износи:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) за шеќер во кристал | 4,95 |
| 2) за шеќер во коцки: | |
| а) пакувано во тврда амбалажа, нето 1 килограм | 5,85 |
| б) други пакувања, нето 1 килограм | 5,35 |
| 3) за суви режанки од шеќерна репа: | |
| а) ринфуза | 0,60 |
| б) брикетирани | 0,70 |
| 4) за меласа | 0,60 |

2. Цените за шеќерот од точка 1 под 1 и 2 на оваа одлука се подразбираат како продажни цени на производителот односно увозникот, франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица на производителот односно увозната лука или југословенската граница или франко натоварено во камион во фабрика, вклучувајќи ги и трошоците на пакувањето (амбалажата).

По исклучок од одредбата на точка 1 под 1 од оваа одлука, за шеќерот во кристал, на име посебни трошоци за извршено на индустриски начин ситно меко пакување во хартиени ќесиња и слично од еден или два килограми, производителските и другите организации на здружениот труд можат да засметаат уште до 0,25 динари за еден килограм шеќер.

3. Цените од точка 1 под 3 на оваа одлука за суви режанки од шеќерна репа се подразбираат како продажни цени на производителот, франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица на производителот или франко натоварено во камион во фабрика, и важат за квалитетот што е предвиден со Решението за Прописите за квалитетот на храната за добиток („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/64). Во оваа цена не се засметани трошоците на пакувањето (амбалажата).

4. Цената од точка 1 под 4 на оваа одлука за меласа се подразбира франко натоварено во вагон, брод или шлеп на најблиската натоварна станица на производителот и важи за квалитетот на содржина на шеќер од 46%, кој е предвиден со Решението за југословенските стандарди за земјоделски и индустриски производи што главно служат како храна за добиток и за методите за испитување на храната за добиток — Меласа — JUS E.L3.020 („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/63).

За секој цел процент на содржина на шеќер одреден со поляриметар над 46%, цената се зголемува за 0,013 динари за еден килограм.

5. За другите видови на шеќер (во прав и др.), како и за шеќер во кристал и во коцки — ситно пакуван до 30 грама, организациите на здружениот труд можат да формираат свои продажни цени според условите на пазарот.

6. Трговските организации на здружениот труд на големо и на мало (во понатамошниот текст: организациите) своите постојни продажни цени во прометот на големо и на мало за шеќер и за суви режанки од шеќерна репа на залихи можат да ги зголемат за износот за кој постојните продажни цени на производителот се зголемени според одредбата на точка 1 од оваа одлука, како и на име на посебната разлика во цената, и тоа вкупно:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) за шеќер во кристал — до | 1,12 |
| 2) за шеќер во коцки — до | 1,12 |
| 3) за суви режанки од шеќерна репа: | |
| — ринфуза — до | 0,05 |
| — брикетирани — до | 0,15 |

7. Организациите ќе извршат попис на сите количини (залихи) на шеќер, затечени на 19 април 1973 година, како и на сите количини на шеќер што до тој ден и се фактурирани на организацијата од производителот или од Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (стоки на пат).

8. Организациите се должни за сите количини на шеќер (залихи и стоки на пат) да го утврдат вкупниот износ на разликата во цената според одредбите на точка 6 од оваа одлука, и тој износ до 20 мај 1973 година да го уплатат во корист на посебната сметка.

9. Производите од точка 1 на оваа одлука во прометот на големо и на мало организациите ги продаваат по калкулативни цени.

Калкулативните цени се формираат така што врз набавната цена се додаваат трошоците на превозот и маржата за покритие на трошоците на прометот во апсолутен износ што постоел на 26 ноември 1971 година.

10. Производителските организации на здружениот труд и другите производители за производите во чие производство се употребува шеќер како суровина можат да ги зголемат своите продажни цени сразмерно со зголемувањето на продажните цени на шеќерот од точка 1 на оваа одлука, а според процентот на учеството на шеќерот во производството на тие производи.

Своите продажни цени за производите од став 1 на оваа точка трговските организации на здружениот труд можат да ги формираат така што врз новите — зголемени набавни цени од тој став, заради покритие на своите трошоци на трговијата, ќе засметуваат маржа во апсолутен износ што постоел на 26 ноември 1971 година.

11. Со парична казна од 5.000 до 30.000 динари ќе се казни за прекршок организацијата ако не постапи според точка 7 односно според точка 8 на оваа одлука или ако во пописот на залихите на шеќер не ги прикаже точните податоци за залихите на шеќер.

За дејствието од став 1 на оваа точка ќе се казни за прекршок и одговорното лице во организацијата со парична казна од 1.000 до 5.000 динари.

Кон казната за прекршокот од став 1 на оваа точка ќе се изрече и заштитната мерка одземање на имотната корист остварена со извршувањето на прекршокот.

Постапката по прекршоците од ст. 1 до 3 на оваа точка се смета за итна.

12. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на максималните цени за шеќер и суви режанки од шеќерна репа („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/72), како и другите прописи на Сојузниот извршен совет и на сојузните органи на управата кои се во спротивност со одредбите на оваа одлука.

13. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 132
18 април 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ,** с. р.

---

**336.**

Врз основа на член 31 став 1, во врска со член 28 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МАКСИМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ ЗА СИТЕ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

1. Во Одлуката за максимирање на цените за сите производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/73, 17/73 и 21/73) по точка 1в се додаваат две нови точки, кои гласат:

„1г. Производителските организации на здружениот труд можат да ги зголемат своите постојни продажни цени за следните производи најмногу за, и тоа:

| | |
|---|---|
| 1) волнено предиво, во просек | 36% |
| 2) памучно предиво, во просек | 8% |
| 3) сурова кожа: | |
| а) крупна | 28% |
| б) ситна | 50% |
| в) свинска | 16% |
| 4) преработена кожа: | |
| а) крупна | 34% |
| б) ситна | 50% |
| в) свинска | 16% |

Цените од став 1 на оваа точка важат при задржување на постојните услови на продажбата.

За одделни видови — мешаници и броеви (Nm) — на памучно и волнено предиво, производителските организации на здружениот труд спогодбено ги формираат продажните цени, зависно од учеството на одделни видови влакна — суровини во предивото, во рамките на соодветните асоцијации односно групации на Стопанската комора на Југославија. На тие спогодби согласност дава Сојузниот завод за цени.

1д. Производителските организации на здружениот труд можат да ги зголемат своите постојни продажни цени за рото-хартија, и тоа најмногу до:

| | Дин/kg |
|---|---|
| 1) за рото-новинска хартија | 2,90 |
| 2) за списаниска рото-офсет „ČROF" хартија во ролни | 3 |
| 3) за средно фина офсет-хартија во ролни | 3,90 |

Цените од став 1 на оваа точка важат при задржување на постојните спецификации и на другите услови на продажбата."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 133
18 април 1973 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ,** с. .р

---

# ОДЛИКУВАЊА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за извонредно залагање и успешна работа на сузбивањето на епидемијата на големите сипаници

Од СР Босна и Херцеговина

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Тефтедарија д-р Мухамед;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Покрајчиќ д-р Божидар;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Агановиќ др Ирфан, Грујиќ др Рајко, Хавериќ Фетах, Михаљевиќ — Мачуш др Етелка, Пувачиќ д-р Златко, Зломушица Јунуз;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Алибеговиќ др Сеад, Драгичевиќ Ново, Хаљевац Асим, Накиченовиќ Ферид;

Од СР Црна Гора

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Медицинскиот завод, Титоград;

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Медицинскиот центар, Ивангград;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Здравствената станица, Рожаје;

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Зоговић др Бранко;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Брајовић Радивоје, Вујошевић др Новица;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Џаковић Љубица, Ивановић прим. др Никола, Калач Бајрам, Љумовић др Владимир, Мараш др Јован, Улићевић др Љубомир;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Перић др Перо, Вугделић др Владимир;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ђуровић-Мандић Љубица, Калаџија Ислам, Капетановић Шефко, Марковић др Миодраг, Мартиновић Божидар, Мухаремовић др Алија, Оташевић Павле, Паповић Симеон, Радуловић Иван, Раичевић Шако, Реџепагић Руждија, Шабовић Изет, Вуксановић др Петар, Зец др Василије;

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Пешић прим. др Бранислав;

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Губериниќ Стеван, Ивезај Пренка, Кнежевић Драгољуб, Перковић др Никола, Велимировић Милорад;

Од СР Хрватска

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Фалишевац др Јосип;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Безјак др Бранко, Храбар доц. др Анте, Мравунац д-р Борис, Рихтер д-р Бранко;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Царић др Никола;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Добошевић др Антун, Гереш др Камило, Кобса Леополд, Рудман др Фрањо, Ступњак Берислав, Водопија доц. др Иван;

Од СР Македонија

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Клиниката за инфективни болести при Медицинскиот факултет, Скопје, Медицинскиот центар, Куманово, Здравствениот дом, Скопје;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Медицинскиот центар, Гостивар;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Христов д-р Тодор, Тофоски д-р Глигор;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Ивановски Димитар, Јакимовиќ д-р Стојан, Камиловски д-р Томе, Муратовски Доксим, Панев д-р Душан, Сотировски д-р Сотир, Стефановски д-р Видое, Весов Илија;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Бојковска Радмила, Божиновски др Илија, Дончев Кирил, Калаџиски Васил, Карапандов Глигор, Каркалашев др Томе, Кулевски Доне, Нацев др Никола, Османли др Ставро, Петковиќ др Првул, Пипер др Ратомир, Поповски Мите, Сиљаноски Драге, Симициовски Круме, Софрониески др Звезде, Шеху Шабан, Шуков Милтијадис, Трајковски Станко;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Цветановски Антоние, Гелевски Душко, Ѓорѓиевски Ѓоре, Ицковски Димитар, Николов Стојан, Петровски Љубе, Пренцов Ѓоре, Садику д-р Ферид, Садику Миталип, Спасовски Дончо;

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Цветковски д-р Душко, Гавриловски прим. д-р Ѓорѓи, Ивановски Цветко;

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Јанковиќ Војо, Јовановски Јован, Кушев Ванчо, Марковска Христина, Николовски Љубомир, Стојковски Степан;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Андреевски Спасен, Бошковски Слободан, Дончевски Глигор, Ракипи Накил;

Од СР Србија

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Божовић др Борисав;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Диклић др Драгомир, Ђуровић Драгутин, Илић Лазар, Удицки — Поповић др Славка;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Атић Милоје, Чарапић Васа, Ерјавец-Пејић Феодора, Гроза др Шандор, Илић др Владимир, Јефтић Боривоје, Јордановић Радомир, Јоргаћевић др Драгиша, Костић др Анђелија, Лазаревић Светислав, Марић—Ђуричић др Радмила, Маринковић Бранко, Миленковић др Драган, Милосављевић Стојан, Настасовић—Марковић др Милена, Петровић др Милена, Сокић—Јовичић др Слободанка, Стојковић Драгомир, Шкорић Саво, Шобић Петар, Тедески—Цвилићевић др Бојка;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Бенчић Весна, Лековић прим. др Бранислав, Петровић Никола, Зарић Драгољуб;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Адања Бенко, Антић Влајко, Цветковски Благоје, Чупић—Стошић Љубица, Думовић Крсто, Гајић др Драгољуб, Јагодић Људевит, Јовановић Ратимир, Марковић Петар, Милошевић Александар, Поповић Марко, Радосављевић Слободан, Савић др Коста, Спировски Вељко, Васић—Радловачки Јелица, Влајинац Христина, Вуксановић Бранко, Вундук Душан, Жула Вјекослав;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Алексић Јован, Арзић Мерсада, Драшковић Петар. Јовановић Радмила, Рудић—Јовановић Мирјана, Шошић Томислав, Васиљевић Ранко;

Од САП Војводина

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Домот на здравље, Шид, Клиничката болница — Инфективна клиника, Нови Сад, Заводот за епидемиологија на Институтот за здравствена заштита, Нови Сад;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Мишков др Душан;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Благојевић др Стојан, Бобак Мирко, Данилов Стеван, Филиповић др Стипан, Коларић др Никола, Кошањи др Габор, Магић др Никола, Мијушковић Обрен, Мироницки др Звонимир, Самарџић др Војислав, Тимотин Милан, Вуковић др Бориша;

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Данилов Радосија, Хараловић Драгица, Кандић Вера, Ковачевић — Петак Драгица, Радић Ђорђе, Русковски Паулина, Шурањи-Вељковић Софија.

Бр. 118
3 ноември 1972 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат:

— за беспримерен хероизам и извонредни јуначки подвизи во борбата против непријателот што служат како особен пример на јунаштво

СО ОДРЕН НА НАРОДЕН ХЕРОЈ

XIII пролетерска ударна бригада „Раде Кончар“;

— за особени заслуги стечени во борбата против непријателот за ослободување на нашата земја и за заслуги на организирањето и зацврстувањето на Југословенската народна армија

СО ОРДЕН НА НАРОДЕН ХЕРОЈ ЅВЕЗДА

Прва истарска партизанска чета.

Бр. 96
21 септември 1972 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

## СОДРЖИНА:

Страна

335. Одлука за определување на максималните цени за шеќер, суви режанки од шеќерна репа и меласа — — — — — — — — 809

336. Одлука за дополнение на Одлуката за максимирање на цените за сите производи и услуги — — — — — — — — — 810

Одликувања — — — — — — — — — — — 810

**Ослободено од основниот данок на промет врз основа на мислењето на Републичкиот секретаријат за култура на СР Србија, бр. 413-55/72 03 од 15 август 1972 година**

**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ" Белград, Јована Ристића 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовић, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17**